# on-line настава

From: Goran Trpchevski (trpcevskig@gmail.com)

To: vladimirt.pavlovski@gmail.com; amitrikeski@gmail.com; arcanna10@gmail.com; zoja_b@yahoo.com; suzana@stepbystep.org.mk; eta_kaso@hotmail.com; kerisamurai@yahoo.com; nikola_nasto@yahoo.com; valebozinovska@yahoo.com; blazevski55@yahoo.com; idejan@gmail.com; bojanlazarov@hotmail.com; kikakicksass@gmail.com; trpkovas@gmail.com; nvilic@ukim.edu.mk; skrbiuteha@t-home.mk; borjanzafirovski@gmail.com; refetabazi@gmail.com; ciriviriiko@gmail.com; ismeti26@hotmail.com; kokalanov@me.com; ivecovski@yahoo.com; lazarsekulovski@yahoo.com; kokalanov.all@gmail.com; nasto.nn@gmail.com; majastevanovic03@yahoo.com; vladikv@yahoo.com; despotovska@yahoo.com; veljanovski@gmail.com; igor.vecovski@gmail.com; senkaanastasova@gmail.com; tanmimi5@yahoo.com

Cc: emilijadebarlieva@hotmail.com

Date: Wednesday, March 25, 2020, 10:45 AM GMT+1

Почитувани,
На седницата на Деканатската управа одржана во понеделникот 23.03.20202 година, а согласно и препораките и одлуките на МОН и владата, одлучено е да се имплементира далечинската настава на сите предметни програми, дури и кај практичните предмети (во форма и содржина која ќе ја олесни реализацијата на практичните вежби кога изолацијата ќе заврши).
Секој професор е должен да ја прилагоди содржината на своите предавања, контакти, разговори, видеоразговори кон начинот на кој ќе биде пренесена на студентите.
Водете евиденција за тоа кој е присутен на Вашите часови согласно можностите (технички и др.) на студентите.
Водете и евиденција за содржините што ќе ги покриете во ова време/невреме за евентуален извештај ако тоа се побара некогаш од нас.
Контакт маил адресите на студентите ги имате во i-know системот но ако имате проблем обратете се кај Емилија и ќе Ви помогне за добивање на истите. Студентите преку циркуларен маил исто ќе бидат известени за оваа одлука.
Сега околу платформите што би ги користеле... за жал Ректоратот на УКИМ на вчерашната седница не излезе со системско решение (со оправдување дека тоа би траело предолго) и одлучено е секој од нас т.е. Вас да користи платформа или начин за комуникација со студентите која Ви одговара и Ви е најсоодветна за Вашите предавања.
На располагање Ви стојат многу платформи и еве некои како предлог....

- Zoom.us (има и апликација за мобилен на Android оперативен систем која се вика Zoom clod meetings)
- Google classroom
- Microsoft teams
- Webroom.net
- Viber групен разговор
- Skype
- Mail и сл.

Секоја од овие платформи има своја специфика, предности и маани... Оставам на Вас да одлучите со која ќе функционирате. Јас лично немам искуство со сите но ако имате некаков проблем или прашање обратете ми се и ќе се обидеме заеднички да најдеме решение.
*Во прилог Ви испраќам упатство за користење на Zoom.us платформата кое го симнав од списанието ЕМИТЕР и мислам дека ќе Ви биде од помош.
Препорачувам кога ќе ги исконтактирате студентите да направите Чет Група на Viber или Messenger за дополнителна полесна комуникација и договарање за термин на час,

Scanned with CamScanner

праќање материјали и сл.
Термините за часовите би биле како по распоредот но во договор со студентите мож
да ги правите и во друг термин ако со тоа не попречувате друг закажан час... норма

За дополнителни информации ќе бидеме во контакт и Ви стојам на располагање.

Поздрав и чувајте се...

Продекан за настава
**Вонр.проф. м-р Горан Трпчевски**

Факултет за драмски уметности
ул.Руѓер Бошковиќ бр.22, 1000 Скопје
тел. 02/3061188

**Associate prof. Goran Trpchevski, MSc**

Faculty od dramatic arts
Rugjer Boshkovic 22, 1000 Skopje
R. Macedonia
tel. +389 2 3061188

zoom tutorijal.docx
2.2MB

Scanned with CamScanner